Согласно член 36 став (1) точка 13 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18, 90/20, 169/20, 265/24 и 132/25), член 73 и 75 од Колективниот договор за културата (Службен весник на Република Северна Македонија бр.10/20) и член 20 од Општиот колективен договор за јавниот сектор (Службен весник на Република Северна Македонија бр.154/23), Управниот одбор на НУ Спомен куќа на Мајка Тереза во Скопје, на предлог на в.д.директорот, на седницата одржана на ден 12.12.2025 година, го донесе следниот:

IN SHTËPIA PËRKUJTIMORE E NËNËS TE...
Бр. / Nr. 02-1076/1
12.12.2025
СКОПЈЕ / SHK...

Правилник за утврдување на постапката за реализирање на службени патувања со средства на Буџетот на Република Северна Македонија од вработените во НУ Спомен куќа на Мајка Тереза – Скопје

Член 1

(1) Со овој Правилник, во НУ Спомен куќа на Мајка Тереза – Скопје подетално се уредуваат и надополнуваат одредбите за реализација на службените патувања во земјата и странство утврдени во законските акти и Колективниот договор за култура и се дефинираат материјалните права и должности на вработените кои се упатуваат на службено патување.

(2)Постапката утврдена со овој правилник се применува при реализација на службените патувања во земјата и странство од страна на директорот на установата, вработените во установата и други надворешни лица кои се работно ангажирани во установата по други законски основи.

1. Дефинирање на основните поими

Член 2

(1) Службено патување во земјата се смета патување кое вработениот на основ на патен налог донесен од раководното лице го презема од своето работно место во друго место на територијата на државата, заради извршување на службени работни обврски.

(2) Службено патување во странство се смета патување кое вработениот на основ на патен налог донесен од раководното лице го презема од своето работно место во друго место на територијата на странска држава, надвор од границите на Република Северна Македонија заради извршување на службени работни обврски во траење од најмалку еден работен ден.

(3) Работни денови се сметаат сите работни денови во седмицата, освен празниците.

2. Службено патување во земјата

Член 3

(1) На вработениот за време на службено патување во земјата му се надоместуваат трошоците за дневница, за превоз и за ноќевање. Дневницата за

службено патување се пресметува од часот на тргнувањето на работникот на службеното патување, до часот на враќањето со превозното средство и тоа:
- 100% од износот на дневницата, ако патувањето траело повеќе од 12 часа или
- 50% од износот на дневницата, ако патувањето траело од 8 до 12 часа.

(2) Доколку работникот во ист ден, дел од работното време го помине на работното место, а дел е на службен пат, кој е пократок од 8 часа, часовите поминати на службен пат над полното работно време му се сметаат за прекувремена работа.

(3) Службено патување кое трае помалку од 8 часа се смета за службено отсуство и за истото не се исплаќа дневница.

(4) Доколку за време на службеното патување се покриени трошоците на работникот за исхрана, превоз и ноќевање, му се исплатува 20% од износот на дневницата.

(5) На работникот му се признаваат и други трошоци, што ги направил во врска со вршењето на работата, поврзани со службеното патување, по претходно овластување на работодавачот, односно од него овластено лице, а на основ на приложени сметки.

(6) Висината на полната дневница е утврдена во Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за тековната година.

(7) Трошоците се пресметуваат на основ на податоците впишани во патниот налог за службено патување, односно патните пресметки и приложени документи за чија веродостојност одговара подносителот на наведената документација.

(8) Работникот има право на надомест на трошоците за користење на сопствен автомобил за потребите на работодавачот во висина од 20% од цената на еден литар гориво, што го користи автомобилот за секој изминат километар, доколку е издаден патен налог со користење на сопствен автомобил на вработен.

(9) При упатување на вработениот на службено патување треба да се има предвид дека ако ноќевањето се организира во хотел, се признаваат трошоците за хотел до четири ѕвезди.

Член 4

На вработениот упатен на службено патување пред поаѓањето на пат му се исплаќа аванс во висина на трошоците предвидени за службеното патување. Авансот, по правило може да се исплати најрано четири дена пред поаѓањето на службено патување.

Член 5

(1) Вработениот е должен во рок од три дена од денот на враќање од службено патување, до одделението за економско финансиски и сметководствени работи да ги поднесе на пресметка патните трошоци, заедно со патниот налог и писмен извештај за извршените работи и најкасно следниот ден по извршената конечна пресметка да го врати евентуално поголемиот износ на примени парични средства од оние кои му припаѓаат.

(2) Вработениот кој нема да поднесе пресметка на патините трошоци од претходниот став, односно во истиот рок не го врати евентуално поголемиот примен износ на аванс, ќе сноси материјална одговорност за нанесена штета и износот од исплатениот аванс, односно поголемиот износ на примени парични средства од оној кој му припаѓа ќе биде одбиен со пресметката на првата наредна плата.

(3) Непочитувањето на рокот и одредбите од став 1 од овој член претставува основ за непризнавање на патните трошоци како службени трошоци.